Република Северна Македонија
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 01- 101/1
16.02 2023 год.
БЕРОВО

ЈУМ Центар за социјална работа - Берово

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО

# МАЛ ГРУПЕН ДОМ - БЕРОВО

Февруари 2023

Берово

# Годишен извештај за функционирањето на
# Мал групен дом - Берово за 2022 година

Мал групен дом претставува вонинституционална форма на згрижување на деца без родители и родителска грижа. Истиот е резултат на процесот на деинституционализација кој во Репубика Северна Македонија е отпочнат во 2000 год. и ги следи и имплементира европските стандарди за квалитетна грижа за деца надвор од нивните биолошки семејства. Оваа форма на згрижување е најблиска до семејното живеење како потреба на секое дете за негов правилен раст и развој. Малиот групен дом во Берово е прв од таков вид во државата и претставува пилот проект за чие профункционирање се искористени ресурсите од поголем број субјекти.

Идејата за отварање на Мал групен дома датира од 2007 год., кога Заводот за социјални дејности – Скопје, во соработка со EducAid има спроведено повеќе активности во насока на неговото отварање. На 13.03.2009 год., со донесувањето на пет деца од Детскиот дом “11 Октомври“ – Скопје во Берово, официјално започна со работа Малиот групен дом. Тековната 2022 година е година кога се заокружи тринаесет годишното постоење и започна четиринаесетатта година од успешното фукционирање и реализација на целта на неговото постоење.

Во Мал групен дом –Берово од 03.01.2022 год. бројот на корисници во МГД – Берово од четири се зголемува на пет со добивање на Решение за сместување на малолетното дете без родителска грижа Ретка Амедова. Четири деца се од женски пол, а едно дете е од машки пол. Доаѓаат од три различни центри за социјална работа, а тоа се: Атанасов Панајоти е со надлежност од ЈУ ЦСР Виница. Тој има 19 год. и е IV година на смерот Текстилен техничар во ОСУ “Ацо Русковски” –Берово. Јованка Ѓеоргиева е под надлежност од ЈУМ ЦСР Делчево. Таа има 15 години и е I година на смерот Текстилен техничар во ОСУ “Ацо Русковски” –Берово. Дибранови Шеила и Ајлина се под надлежност на ЈУМ ЦСР Берово. Шеила има 10 години и е V одделение во ООУ “Дедо Иљо Малешевски” – Берово. Ајлина има 8 години и е III одделение во ООУ “Дедо Иљо Малешевски” – Берово. Ретка Амедова е под надлежност на ЈУМ ЦСР Берово. Таа има 4 години и редовно ја посетува детската градинка ОЈУДГ ,,23 Август” во Берово.

Стручниот тим кој што се грижи за децата во Мал групен дом – Берово е составен од еден соц.работник, еден професор по одделенска настава, еден специјален едукатор и рехабилитатор и две негователки. Во текот на годината стручниот тим претрпе промени. Поради тоа што од месец март стручниот работник професорот по одделенска настава остана на отворено боледување тимот беше дополнет со еден социјален работник од ЦСР - Берово. Во месец

август стручниот работник специјален едукатор и рехабилитатор беше прераспределен на ново работно место во Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост - Берово а од таму како подршка во работењето ни беше испратен неговател. Од технички персонал имаме и хигиеничарка.

Во текот на цела година продолжени се редовните контакти и подршка од Директорот на ЦСР - Берово. Нема прекин ни во комуникацијата со надлежните центри за социјална работа за децата од Виница, Делчево и Берово.

Одржани се неколку формални како и неформални состаноци на ниво на едукаторите во МГД и состаноци на едукаторите со Директорката и стручен тим од ЦСР – Берово.

Овој годишен извештај се базира на четирите тримесечни извештаи од 2022 година, документи кои се произлезени како резултат на работењето и функционирањето на Малиот групен дом. Во изработка на извештајот се користени следниве методи, техники и инструменти за работа: Разговор, Набљудување, Непосредно учество во работењето, Интерна евиденција (дневник за работа на вработените во МГД), Тимски состаноци, Консултации со компетентни лица, Користење на стручно методолошките упатства за работа и законските прописи. Заради прегледност на извештајот истиот е хронолошки поделен на четири дела според периодот, односно I, II, III и IV тримесечен период од 2022 година.

**Активности во првиот тримесечен период (јануари, февруари и март)**

Првиот месец од ова тромесечие - јануари, беше месец на зимски распуст во кој децата беа делумно ослободени од образовни активности и поголем дел го минуваа во активности по слободен избор на децата кои претежно беа од спортско – рекреативен и културно - забавен карактер. Како дел од секојдневието редовно се извршувани активности во кои децата учествуваат во тековните работни обврски во куќата, а кои се од големо значење за нивниот понатамошен живот, како и редовната грижа за здравјето. Секојдневно е работено на усвојување на работни навики и осамостојување при работа во кујна и одржување на хигиената во куќата и дворот. Од страна на Владата на РСМ по препорака на Главниот кризен штап на одржана седница беше донесено одлука со која беше одлучено да продолжи зимскиот распуст на учениците поради зголемениот број на заразени од Ковид - 19 до 01 февруари. Со започнување на второто полугодие сите корисници редовно следеа настава со физичко присуство. Еден ден сите деца не следеа настава/градинка поради контакт со вработен кој асимптоматски беше потврден позитивен на Ковид -19. Поради контакт со позитивен наставник одделението на Јованка помина на onlajn настава и таа редовно 8 дена следеше настава во далечина. Ајлина од 03 до 09 следеше onlajn настава поради тоа што наставничката беше позитивна на вирусот Ковид - 19. Панајоти два дена беше оправдано отсутен

од настава бидејќи беше на контролен преглед во Скопје. Со почетокот на вториот дел од учебната година, активностите се претежно од воспитно-образовен карактер. Секојдневно е работено на усвојување на наставните содржини. Индивидуално се работи, насочува и потикнува секое од децата. На нагласената потреба од помош при пишувањето, читањето и поттикнување на логичко размислување кај Панајоти, Јованка и Шеила е соодветно одговорено. Јованка, Панајоти и Шеила имаат потешкотии во совладување на наставните соджини предвидени со наставната програма за ученици на нивната календарска возраст. Јованка и Панајоти подршка во следењето на наставата во училиштето во текот на неделата добиваат од нивните образовни асистенти. Јованка има подршка од образовниот асистент за време на сите часови а Панајоти само на првите четири часа. Панајоти за време на наставата не е доволно сконцентриран и истата делумно ја следи. Поради безбедносни причини тој не посетуваше часови по Практична настава која се реализира во погон на една приватна конфекција во градот. Јованка иако покажува голема трудељубивост во совладување на наставните содржини сепак само делумно ги усвојува. Шеила во целост не ги запамтува зададените домашни задачи од страна на наставничката. Образовните активности само делумно и со големи потешкотии ги совладува. На Јованка, Панајоти и Шеила во извршувањето на наставните содржини по сите наставни предмети им се дава целокупна помош и подршка од страна на вработените во домот. И Ајлина ја добива потребната помош во извршување на образовните активности. Таа бидејќи е дете со нормален психички развој за краток временски период ги усвојува наставните содржини. Ретка е најмалиот корисник кој престојува во домот веќе три месеци. Таа е темпераментно и љубопитно дете. Нема јасно развиен говор и го користи за комуникација како македонскиот така и ромскиот јазик. Сака да биде во центарот на вниманието. Знае да се задева по останатите корисници. Своеволна е и сака сите предмети во домот да се нејзини и се да биде по нејзино. Со постојаните советодавни разговори од страна на тимот вработени во МГД сето тоа е во фаза на надминување. Дружељублива е, мила и комуникативна и многу сака да си игра со децата од домот од кои е многу добро прифатена како најмал корисник на услугите во МГД. Во адаптивниот период тимот вработени во МГД и ја дава потребната помош и подршка за да ги прифати правилата на домот, да се развие кај неа чувството на припадност, да почитува авторитет, да се грижи и да ги почитува просториите и предметите во домот. Преку индивидуална и групна социјализација ќе и се овозможи градење, воспоставување и зајакнување на индивидуалните и групните врски. Од 01 февруари редовно ја посетуваше детската градинка „23 Август"- Берово со целодневен престој. Само два дена поради настинка по препорака на матичниот лекар не беше на градинка. И понатаму се прилагодува на правилата во градинката. Сака да оди на градинка и да се дружи со децата.

Како дополнителни активности кои се дел од училишните обврски, а се од образовен карактер е работата на компјутер, таблет и мобилен телефон.

Најчести и најредовни контакти во наведениот тримесечен период се контактите со одделенските и класните раководители на децата. Редовно се реализираат средби и телефонски разговори со нивните класни /одделенски раководители, образовните асистенти и воспитувачката и негователката на Ретка.

Во постојан контакт бевме со старателите на децата.

Како дел од слободни спортско - рекреативни активности кои што ги имаа децата во овој период се играње на најразлични друштвени и забавни игри.

Зимскиот распуст го одбележаа настани кои се претежно од културно – забавен карактер. Во просториите на МГД скромно беше прославен 15-от роденден на Јованка на кој освен децата од домот присуствуваа и директорката и вработен во ЦСР – Берово. Јованка еднаш со Шеила беше на прошетка низ град а еднаш со другарките. Шеила два пати беше на роденден на другарчиња од одделението. Организирана е традиционалната Бадникова вечера во чија подготовка учествуваа сите деца. Јованка и Панајоти два пати беа на излегување во кафич на центарот. Во просториите на МГД скромно беше прославен 4-от роденден на Ретка на кој покрај останатите корисници присутна беше и нејзината старателка. Сите деца на прошетка низ град и до спортското градско игралиште со вработените на смена. Ретка на прошетка со вработен на смена. Панајоти шест пати самостојно и еднаш со Јованка беше да следи работнички спортски натпревари во мал фудбал во салата "Македонски бранители" - Берово. Скромно во домот со децата беше одбележано и тринаесет годишното работење и функционирање на МГД – Берово. Ајлина на роденден на другарче од одделението во ресторант "Кеки". Во просториите на МГД скромно беше прославен осмиот роденден на Ајлина со останатите корисници. Ретка и Ајлина имаа прошетка низ град со вработен на смена. Јованка редовно еднаш во неделата одеше во играорна група.

Во текот на овој тримесечен период активноста Посветен ден е реализирана еднаш со Јованка .

Од здравствен аспект беа реализирани повеќе прегледи кај матичниот лекар поради вирусните настинки во овој период и тоа:

**Ретка** уште пред да биде сместема во МГД, поради настинка од страна на старателот била носена кај матичниот лекар од каде и било препишано да прима сируп за искашлување. Констатирано било и дека хемоглобинот и е намален поради што е препорачано да и се засили исхраната со железо. Со самиот прием на Ретка во домот следени се препораките од страна на матичниот доктор. И основните физиолошки потреби сеуште ги немаше регулирано и истите ги извршуваше комбинирано во пампперс или во веце. Преку ден постепено беше поттикнувана да ги извршува физиолошките потреби во веце поради што пампперс користеше само преку ноќта. Неколку пати и се има случено да има дневно мокрење. Во месец јануари два пати е

носена на лекар. Еднаш поради покачена телесна температураа а другиот пат поради осип на грбот. По препишаната соодветна терапија од страна на матичниот лекар здраствената состојба за краток временски период и се нормализира. Поради проблем со столицата препишан и е сируп Порталак кој треба да го прима три месеци, па потоа да се однесе на контрола. И во месец март еднаш беше однесена на преглед кај матичниот лекар поради покачена температура. По направената крвна слика беше констатирано дека леукоцитите и се покачени и дека има намален хемоглобин. Со примање на препишаниот антибиотик веднаш и се подобри здравствената состојба. Еднаш беше земена порано од градинка бидејќи се пожали на забоболка која брзо и помина кога беше вратена во домот. На почетокот на месец февруари кај **Јованка** се забележа краткотрајно губење на осетот за вкус и мирис кое според нејзиниот матичен лекар е последица на прележан Ковид - 19. За надминување на овој проблем и беше препишан витамин Б – комплекс кој редовно го примаше еден месец. Таа беше на контролен преглед и кај нејзиниот матичен стоматолог. Изваден и е заб седмица доле десно а на седмица доле лево и е ставено лек. **Ајлина** во месец јануари трипати беше носена на преглед кај матичниот лекар поради настинка. И беше направено крвна слика и и беше земено брис од грло и нос од чиј што резултати се потврди дека има стафилококна инфекција. По препишаната терапија здравствената состојба и се нормализира. Имаше и контролен преглед кај нејзиниот матичен стоматолог. Интервенција не и е направено на ниту еден заб само е дадено совет како да се постапи со менувањето на млечните заби. Од технички причини со неа не е отпочнат професионален физикален третман. Во текот на овие три месеци Ајлина имаше 7 дневни мокрења. **Панајоти** редовно ја примаше задолжителната медикаментозна терапија. Во месец јануари ја прими редовната ревакцина Тетанус која е задолжителна со наполнување на 18 год. Во месец февруари беше двапати на контролен преглед кај спец. невролог на УК оддел за неврологија во Скопје. Направено му е ЕЕГ снимање од кое е утврдено дека има промена на мозочната функција. Поради тоа редовната медикаментозната терапија му е променета т.е. лекот е ист само дозата на лекот му е зголемена. Тој сеуште при одењето на училиште користи ортопедско помагало (патерици) но има значително подобрување во движење на подолга релација. Со физикален – рехабилитационен третман со кинези терапија сеуште неможе да започне од технички причини. Други здравствени проблеми немаше. **Шеила** во месец јануари трипати беше носена на преглед кај матичниот доктор поради настинка. Во месец март поради болка во увото и очите и благо покачена, температура пак беше однесена на преглед. Со примање на соодветната терапија здравствената состојба и се нормализира. Беше и на редовен систематси преглед кај стоматолог. По направениот преглед констатирано е дека трајните заби и се здрави. По препорака на матичниот лекар особено е обратено внимание за нејзиниот диетален режим на исхрана заради тоа што кај неа се збележуваат знаци на ран пубертетски развој.

Сите деца по препорака на матичниот лекар редовно ја примаа витаминската терапија (AD3 и С-витамин).

Шеила имаше една а Ајлина две случајни средби со нејзиниот татко. Со Согласност од старател два викенди Ретка беше на гости во нејзиното биолошко семејство во Берово. Одговорен за нејзиното земање и враќање во МГД беше нејзината баба по татко, Ретка Асанова. Првиот пат беше земена да престојува во семејство по повод прославата на нејзиниот четврти роденден. Ретка имаше и две случајни средби со нејзиниот татко. Еднаш биолошките родители на Ретка беа во домот со цел да ја посетат но поради тоа што немаа Согласност од страна на старател средбата не им беше дозволена. И бабата на Ретка еднаш побарала од вработен во МГД да и овозможи средба со детето без согласност од старател. Средба не е дозволена а бабата е испратена на консултација кај старателката на детето во ЦСР – Берово. Јованка редовно остваруваше телефонски разговори и видеоконтакти со роднините од с.Разловци(вујко, вујна и братучедите Ненад и Наталија). Еден видеоконтакт оствари со сестра и Васка и два телефонски разговори оствари со вујна и Душка од Делчево, роднина од страна на мајка и. Контактите обично се реализираат попладне и по проценка од едукаторот на смена. Разговорите со сите нив позитивно влијаат врз нејзиното расположение. Со добиена Согласност од старател Јованка два пати беше посетена во домот од страна на кумот и Драган Гргушевски. Средбата е реализирана во дворот на домот со присуство на вработен и со почитување на сите мерки и протоколи за заштита од вирусот Ковид - 19. Од 05.01. до 14.01. со добиена Согласност од старател Јованка престојуваше на гости кај роднините од с. Разловци. Панајоти еднаш беше посетен од страна на брат му Павел Атанасов, баба му Сузана Ефтимова, вујко му Виктор Ефтимов и тетка му Марија Габровски, роднини од страна на мајка му.

Јованка има воспоставена добра комуникација со сите во нејзиното опкружување. Ајлина знае да биде со наметливо однесување и желба за доминација што предизвикува отпор кај нејзините соученици. Таа е многу манипулативна и кога нешто е во нејзина корист знае да го прикрие. Овој месец таа беше вклучена во еден ситуација со еден нејзин соученик. Детето и дало една банкнота со поголема вредност за што сакала да прикрие од вработените но навреме била откриена и била одвратена од нејзината намера. Таа се обидела манипулативно да ја објасни ситуацијата, секако во нејзин интерес, но за истото е пријавено кај нејзиниот старател за преземање на постапка за следење и решавање на случајот. Парите се предадени кај одговорно стручно лице во ЦСР - Берово за нивно понатамошно постапување. И Шеила е со наметливо однесување која лесно подлегнува под влијание на нејзините соученици. Таа е оставена после часовите сама да се враќа дома но често и се случува да се задржи со некое дете по патот или паркот и да задоцни. Се поттикнува навреме да се враќа дома после часовите. Во овој период кај Панајоти се забележува дека значително се намалени импулсивноста,

агресивноста и неконтролираните вербални празнења. До одредено ниво почитува авторитет кај вработените. И понатаму е забележано дека пуши цигари. Имаше ситуација во која беше фатен како зема пари од вработен во домот. Во разговорот со него призна дека постапката ја повторил уште два пати во текот од една недела. Советодавно е разговарано за таквото негово однесување и му е укажано на можните последици од истото.

Сите корисници имаат оформено КХН и истите ги спроведуваат, со исклучок на Панајоти кој и покрај тоа што постојано му се даваат насоки за одржување на хигиената, воопшто не внимава на неговата лична хигиена, хигиената во неговата соба и хигиената во заедничките простории во домот. И кај Шеила и Ајлина понекогаш се забележува своеволно однесување проследено со непочитување на насоките дадени од страна на вработените. Кај Шеила е забележано имитирање на некои недолични постапки од Панајоти. И кај Ретка се забележува дека се служи со лаги и манипулации за да привлече непотребно внимание.

**Активности во вториот тримесечен период ( април, мај, јуни)**

Првиот месец од ова тромесечие - април во својот поголем дел беше исполнето со акттивности кои се претежно од воспитно – образовен карактер. Не се изоставени ни спортско - рекреативените и културно – забавените активности. Секојдневно е работено на усвојување на образовните содржини. При тоа особено е обратено внимание, мотивација и формирање на навика за учење и самостојност кај секое од децата. На нагласена потреба од помош при пишувањето, читањето и поттикнувањето на логичко размислување кај децата со намалена интелектуелна способност е соодветно одговорено и е одржан континуитет во истото. Особено е зголемен интензитетот на образовните активности кон крајот на учебната 2021/22 год.

Децата редовно посетуваа настава освен во периодот од 11 до 29.04. поради Генералниот штрајк на вработените во училиштата. Најчести и најредовни контакти во поминатиот тримесечен период се контактите со одделенските/класните раководители на децата како и со воспитачката и негователката на Ретка. При тоа едукаторите биле присутни на onlajn родителски средби на секое од децата во училиштата и се остварени лични и телефонски контакти со дел од наставниците. На 06.04. е реализирана средба на едукатор од МГД, психо - педагошкиот тим од ОСУ ”Ацо Русковски” – Берово, класниот раководител на Панајоти и стручен тим од ЦСР - Виница. На средбата е разгледан успехот на ученикот, како и причината за појавата на проблемите во текот на следењето на наставата, начинот на справување и разрешување на истите. Јованка на 02. 06. беше на функционална проценка според МКФ. Наод и мислење од проценката се уште немаме добиено. На 15.06. е запишана во средно - стручно образование при ОСУ ”Ацо Русковски” – Берово.

Спортско - рекреативниот дел е исполнет со редовно учество на едно од децата (Јованка) во играорна секција, како и слободни активности игри со топка, возење на велосипед и тротинет во дворот, на улица покрај МГД, како и на локалните игралишта и градскиот парк. На крос организиран од страна на училиштето во кои учат децата биле сите деца. Во посета на Едукативен центар во с.Негрево била Ајлина, посета исто така организирана од страна на училиштето.

Културно - забавниот живот на́ децата е збогатен со низа настани и случувања во овој тримесечен период: Сите деца на посета на Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост – Берово. Сите деца на излет на Беровското Езеро, симболична прослава и негување на традиционални обреди по повод Велигденски празници, Јованка и Панајоти беа да го гледаат славењето на дефиле на матуранти на плоштадот во Берово, вечерно излегување во кафич на Јованка (генерациска прослава за полуматурата), роденденска забава во домот за роденденот на Шеила на чија што забава освен децата од домот присуствуваа и нејзини соученици, Јованка на полуматурска прослава со генерацијата во ресторант, забава за полуматурата на Јованка во МГД на чија што забава покрај децата од домот и вработените во МГД присуствуваше и директорката на ЦСР - Берово, Јованка и Панајоти беа да следат регионален турнир во Мал фудбал.

Трипати во тримесечниот период е реализирана активноста Посветен ден при што дел од децата биле излезени со клучните едукатори во набавка на средства за лична потреба (козметика, мобилен телефон, облека), на сок во кафич или ресторант.

Од здравствен аспект беа реализирани повеќе прегледи и контроли кај матичниот педијатар, преглед кај офталмолог, ортопед и консултација со невролог. Поради зачестени и повторувачки инфекции на респираторните органи, проследени со високи температури, повраќање и главоболки, сите деца најмалку еднаш се носени на преглед кај матичниот педијатар. Третирани се со антибиотици и симптоматска терапија. Ретка е носена на ортопед и и се дијагностицирани рамни стапала, деформитет за кој носи специјални ортопедски чевли. Ретка на лекар е носена и за третман на повреда (расекотина) на главата, како и за појава на афти во устата и болки во ногата – колено. Со симптоми на дехидрираност и прегладнетост била Ајлина, со совет и симптоматска терапија проблемот е надминат. Поради дефицит на редовна терапија за епилепсија што ја користи Панајоти е консултиран невролог и е обезбеден извештај за соодветна замена на лекот (Депакине/Валпроат). На преглед кај офталмолог е носена Јованка и притоа диоптерот на старите наочари и е заменет со нов.

Во постојана телефонска и видео комуникација е Јованка со биолошки сродници од страна на мајката. За време на Велигденските празници како и кон

крајот на месец јуни беше на гости кај роднините од с. Разловци. Иницијатива за зајакнување на родителскиот капацитет и давање на можност за интензивирање на контактот со децата имало во релација татко - деца во семејството на корисничките од Берово (Шеила и Ајлина), но истото не е реализирано заради незапазување на претходно утврдениот план и динамика на средбите. Последно применета корисничка (Ретка) која исто така е од Берово два пати била на гости, викенд - видување од по неколку часа дневно во домот на нејзинате татко и баба. Обид за подобрување на комуникацијата помеѓу Панајоти и Павел (поранешен кортисник на услугите на МГД) е направен со овозможување на Панајоти да користи сопствен мобилен телефон. Постигнат е резултат во интензивирање и обновување на врската помеѓу браќата, а и помеѓу Панајоти и дел од роднините од старана на мајката (баба, вујко и тетка).

**Активности во третиот тримесечен период (јули, август, септември)**

Првиоте два месеци од овој период се поклопија со летниот распуст на децата. Ова е период во кој децата имаат повеќе слободно време. Првиот и вториот месец претежно беа исполнети со активности од спортско - рекреативен и културно - забавен карактер.

Од слободни спортско – рекреативни активности кои ги практикуваа децата за време на летниот распуст беа сведени на најразлични друштвени игри во куќата и дворот, прошетки низ град, игри во градскиот парк, посета на фитнес справи на отворен простор.

Третиот месец - септември е месец кога започнува новата учебна 2022/2023 година. Сите деца со физичко присуство навреме ја започнаа новата учебна година и тоа: Панајоти сега е ученик во IV година Текстилен техничар, Јована е I година Текстилен техничар, Шеила е ученик во V одделение, Ајлина III одделение а Ретка е во градинка. Стапено е во контакт со сите класни раководители за непречено одвивање на наставата. Секојдневно е работено на усвојување на наставните содржини. Особено е обратено внимание на мотивација и формирање на навика за учење и самостојност кај секое од децата. Јованка, Панајоти и Шеила имаат потешкотии во совладување на наставните соджини предвидени со наставната програма за ученици на нивната календарска возраст. Од почетокот на оваа учебна година на Панајоти и Јованка од страна на Општина Берово преку проектот ОКР како подршка во следење на наставата во училиштето им се ангажирани лични образовни асистенти кои им помагаат секој работен ден по четири часа. **Панајоти** за време на наставата не е доволно сконцентриран и истата делумно ја следи. Кај него не постои мотивација за учење. Тоа што го учи е само делумно и со голема помош од вработените во домот. Во месец јули за **Јованка** според МКФ од страна на експерти е дадено мислење дека е дете со лесна интелектуална попреченост со IQ = 69. Препорачано е да го продолжи средното образование со интензивирана подршка по ИОП. Јованка многу добро се има вклопено во

новата училишна средина. Иако покажува голема трудељубивост во совладување на наставните содржини сепак само делумно ги усвојува. **Шеила** во целост не ги запамтува зададените домашни задачи од страна на наставничката. Образовните активности само делумно и со големи потешкотии ги совладува. На Јованка, Панајоти и Шеила во извршувањето на наставнине содржини по сите наставни предмети им се дава целокупна помош и подршка од страна на вработените во домот. И **Ајлина** ја добива потребната помош во извршување на образовните активности. Кај неа е забележано дека не е доволно сконцентрирана и мотивирана во следењето и извршувањето на образовните активности поради што многу често и се случува да не ги запамтува домашните задачи. Од страна на нејзиниот одделенски наставник ни е дадено Свидетелство за завршено II одделение. За Јованка и Шеила беа одржани по една родителска средба од информативен карактер. **Ретка** редовно ја посетуваше детската градинка ,,23 Август"- Берово со целодневен престој. На неа исто така започнаа да и задаваат да учи песнички од градинка. И кај неа е забележано дека има потешкотии да го задржи вниманието, да се сконцентрира и да ги меморира песните. Кога бои се служи со чкртање.

На 13.09.2022 година за Панајоти се внесени потребните документи до МОН за продолжување на стипендија од категоријата ученици со пречки во развојот.

Културно - забавниот живот на децата е збогатен со низа настани и случувања во овој тримесечен период: Во просториите на МГД – Берово скромно беше одбележан празникот Курбан Бајрам. Панајоти, Шеила и Ајлина со вработен на смена биле на роденден на корисничка од Дневен центар – Берово. Ајлина три пати била на роденденска прослава на другарчиња од одделението. Шеила два пати била на роденденска прослава на другарчиња од одделението. Панајоти и Јованка беа на средношколска забава во кафич "Паб". Панајоти со вработен беше за Скопје да го гледа фудбалскиот натпревар помеѓу Македонија – Бугарија. Панајоти присуствуваше на Етно фестивалот кој се одржуваше во нашиот град. Неколку пати беше и со Јованка да следат спортски натпревари на фудбал во нашиот град. Панајоти и Јованка во овој период често излегуваа самостојно на прошетки во град а Шеила, Ајлина и Ретка излегуваа исклучиво во придружба на вработен.

Двапати во овој период е реализирана активноста Посветен ден со Јованка и Ретка.

Од здравствен аспект беа реализирани повеќе прегледи во овој период и тоа:

**Ретка** во месец јули е носена на преглед во ЈЗУ Здравствен дом – Скопје – Завод за ментално здравје – Младост каде и е направен тимски преглед од страна на логопед, психолог, дефектолог и психијатар. Издадено е мислење дека е дете со едукативна запоставеност со успорен, говорен, јазичен, психосоцијален и психомоторен развој. Дадена е препорака да посетува

градинка, со неа да работи логопед и дефектолог и дадени се совети за стимулација во домашни услови. По дадени нивни упат направени и се испитувања во биохемиска лабораторија во ЈЗУ Здравствен дом – Берово и биохемиска лабораторија Ружа Биолаб. Направено и е ЕЕГ на 19.08.2022 год. На наодот биле забележани чести, специфични графоелементи (остри бранови и шилци). За шест месеци повторно треба да се однесе на контрола во Заводот за ментално здравје. По нивна препорака на 24 август беше однесена и на контрола кај детски невролог во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести –Скопје. Од таму и беше препишано да прима редовно терапија (trileptal) и повторно на контрола е препорачано да се однесе за шест месеци. Од 18 јули започна со логопедски третман два пати во неделата (понеделник и среда) од 09:30h до 10h. Третманот беше прекинат на 12 септември од технички причини. Два пати е земена порано од градинка бидејќи се жалела на болка во стомакот и главата. По враќањето во домот веднаш е забележано дека се служи со манипулации бидејќи била во добра здравствена состојба. Од месец септември редовно и се даваат AD3 капки. Специјалните ординирани ортопедски чевли по гипсен модел препорачани од страна на специјалист по ортопедија редовно ги носеше. Во престојниот месец имаше чести ноќни мокрења. Два пати во овој период поради вирусна настинка беше однесена на преглед кај матичниот доктор. Еднаш беше третирана само со сируп за искашлување а другиот пат примаше антибиотик. **Јованка** во месец јули додека беше на гости кај роднините од село Разловци имала вирусна настинка проследена со повраќање. Од нивна страна била однесена во Здравствен дом – Делчево. По примањето на инфузија веднаш и се подобрила здравствената состојба. Таму остварила средба и со нејзината старателка. Во месец август поради настинка и измалаксаност беше на преглед кај матичниот лекар. Направена и е крвна слика и потврдено е дека е позитивна на вирусот Ковид-19. Таа од 22 до 31 август беше во домашна изолација. Редовно ја примаше препишаната терапија и во текот на целата изолација имаше стабилна здравствена состојба. Заради заштита од ширење на вирусот од страна на вработените веднаш беа превземени потребните мерки со тоа што Јованка беше одделена од останатите корисници и беше ставена на првиот спрат во посебна просторија со користење на посебно веце. На Јованка во 2019 год. и е направен преглед за срцето кај специјалист на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Скопје. И беше дадено препорака да се однесе на контрола по 2 год. Поради тоа во месец септември беше на преглед кај матичниот доктор од каде добивме препорака дека нема потреба да се носи на контрола за Скопје. **Ајлина** во месец септември поради главоболка е земена порано од училиште. Третирана е на соодветен начин и за кратко време и се подобри здравствената состојба. Поради блага настинка е однесена и на преглед кај матичниот лекар но не е третирана со никаква терапија. Поради забоболка овој месец два пати беше и на стоматолог. Ставено и е лек на два заба. Во овој период имаше шест дневни мокрења. Со физикален – рехабилитационен третман сеуште неможе да започне поради технички причини. **Панајоти** во

месец септември поради повреда на прстот беше кај матичниот лекар. Препишано му е да се маже со крема два пати на ден. Беше и на преглед кај матичниот стоматолог. Болката што ја чуствувал е поради тоа што ќе му никнуваат заби. Редовно ја примаше препишаната медикаментозна терапија. Со физикален – рехабилитационен третман со кинези терапија сеуште неможе да започне од технички причини. **Шеила** поради чести нагони на повраќање во месец август во текот на ноќта беше однесена на итната медицинска помош во Здравствен дом – Берово. Наредниот ден е прегледана и од страна на матичниот лекар и од направената крвна слика е констатирано дека станува збор за стомачен вирус. По примањето на соодветната терапија здравсвената состојба веднаш и се нормализирала. Еднаш е однесена и кај матичниот стоматолог каде и е изваден млечен заб.

**Шеила** во месец јули имаше една случајна средба со нејзиниот татко. Во месец септември Шеила и Ајлина имале случајна средба со татко им Шаин. Средбата не ја имаат пријавено на вработените. Од 27 јуни до 19 август по добиена Согласност од страна на старател **Јованка** беше на гости кај вујна и Ѓурѓена и вујко и Ѓорѓи Калаџиски од с.Разловци. Таму остварила средби со нејзината сестра Васка и со повеќе блиски биолошки сродници (роднини по нејзината мајка). Присуствувала и на свадбена прослава на братучед и Ненад и неговата сопруга Љубинка. Неколку пати во овој период вработените од домот имаме остварено телефонски разговори со Јованка и нејзината вујна и вујко. Од разговорот е забележано колку Јованка е среќна и задоволна кај нив. Откако се врати од гости од кај роднините редовно оствaруваше со нив телефонски разговори и видео контакти. Во месец септември имаше случајна средба со тетка и Бранка Сирачевска (сестра на нејзиниот татко), нејзиниот сопруг и ќерка и Јасмина. Со вујна и Душка има остварено еден телефонски разговор. Една случајна средба има остварено со братучед и Александар Поповски. Јованка призна дека додека била на гости кај роднините од с. Разловци за време на летниот период и било дозволено да оствари видео контакт и средба со поранешен член на згрижувачкото семејство Зоран Арсов како и со нејзиниот кум Драган Гргушевски. Од нив добила и подароци. За ваквите средби е известена нејзината старателка. **Панајоти** од 14 до 18 јули беше на гости кај татко му во с. Пеклани и кај роднините по мајка му од с. Блатец. Таму остварил средби со роднини. Неколку пати се има телефонски слушнато со неговилот брат Павел. **Ретка** на 9 и 10 јули и 20 и 21 август од 10h до 18h по добиена Согласност од старател и беше дозволено да биде на гости во семејниот дом на нејзината баба и татко. Во овој период има остварено седум неформални средби со бабата и таткото кога биле на поминување покрај домот како и во градскиот парк.

Панајоти до одредено ниво почитува авторитет кај вработените. Еднаш му се има случено да не го испочитува точното време на враќање во домот каснејќи дури час и половина. Кај него се забележани се повеќе знаци на питачење. Бара цигари или пари од познаници со кои си купува обично храна.

Додека беше на гости кај неговиот татко му имаше земено пари. Од страна на неговиот надлежен центар за случката беше известено одговорно лице вработено во домот. На почетокот на месец септември за Панајоти имаме реакција од професорите за неговото недолично однесување. Еднаш избегал од часот по математика. Има оштетено и една од електронските табли во училиштето. Поради пуштање на гласна музика за време на одморот во училиштето му е земен буферот од страна на директорот и истиот му беше вратен на крајот од месецот. Советодавно е разговарано со него со цел да се надминат проблемите. И покрај тоа што секојдневно му се даваат насоки од страна на вработените за да ја одржува хигиената тој воопшто не внимава на неговата лична хигиена, хигиената во неговата соба и хигиената во заедничките простории во домот. Кај Панајоти, Шеила и Ајлина е забележано недолично однесување при што се преземени мерки од страна на вработените за спречување на можните последици од истото. Кај Шеила и Ајлина понекогаш се забележува своеволно однесување проследено со непочитување на насоките дадени од страна на вработените. Од страна на родители имаме реакции за Ајлина и Шеила дека се задеваат по нивни соученици. Шеила за време на часовите има проблем со концентрацијата па често знае да се врти назад и за истото да биде опоменета од страна на наставниците. И се има случено да користи и навредливи зборови кон децата. Ајлина сака да биде доминантна па дури и нападна во своите постапки што предизвикува отпор кај нејзините соученици. Се однесува своеволно, служејќи се со подмолно однесување, користејќи се со лаги и манипулации за да обвини дел од корисниците за нејзините постапки. И Ретка се служи со лаги и манипулации за да привлече непотребно внимание.

**Активности во четвртото тромесечие (октомври, ноември и дкември)**

Првиот месец од ова тромесечие - октомври, е месец исполнет со воспитно – образовни активности со оглед на временскиот период (тек на учебната година). Не се изоставени ни спортско – рекреативните и културно – забавните активности. Како дел од секојдневието редовно се извршувани активности во кои децата учествуваат во тековните работни обврски во куќата, а кои се од големо значење за нивниот понатамошен живот, како и редовната грижа за здравјето. Секојдневно е работено на усвојување на работни навики и осамостојување при работа во кујна и одржување на хигиената во куќата и дворот. Децата активно учествуваа во средувањето на огревните дрва за потребите на домот. Третиот месец - декември е месец кога приоритет се дава на воспитно - образовните активности односно децата имаат тестирања и писмени работи како и чести испрашувања, по сите предмети, со цел формирање на полугодишните оценки. Според тоа, секојдневно е работено на усвојување на наставните содржини. Индивидуално се работи, насочува и потикнува секое од децата. На нагласената потреба од помош при совладување на наставните содржини кај Панајоти, Шеила и Јована е соодветно одговорено. Со најмалото од децата Ретка, земајќи ја во предвид нејзината возраст секојдневно се работи на запознавање со основни поими и

стекнување со образовни предучилишни знаења. Сите корисници редовно ја следеа наставата со физичко присуство. И во овој период на Панајоти и Јованака во следењето на наставата по четири часа секој работен ден им помагаа нивните лични образовни асистенти. За изработка на ИОП на Панајоти и Јованка клучниот едукатор има остварено средба со нивните класни раководители и стручно - педагошката служба во гимназијата. Пополнети се потребните информации кои ќе им помогнат во изработката на планот. Нема промена кај децата на образовен план. Секојдневно на сите деца им се дава потребната помош и подршка од страна на вработените во домот за навремено извршување на образовните активности. За Панајоти, Јованка, Шеила и Ајлина е одржана и по една родителска средба. И за Ретка беше одржана родителска средба.

Апликацијата за стипендија во категорија деца без родители и родителска грижа за Јованка е одобрена. Останува уште да се потпише Договорот од страна на старател и да се испрати до МОН - Скопје.

Културно - забавниот живот на децата е збогатен со низа настани и случувања во овој тримесечен период: Скромно беше прославен деветнаесетиот роденден на Панајоти во домот. Панајоти често одеше да следи спортски натпревари на градскиот стадион "Малеш". Беше да гледа и филм и стендап комедија во гимназијата. Шеила два пати беше на роденден на школски другарчиња. По повод денот на стари лица сите деца од домот беа на посета на старечкиот дом ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" во Берово. Дел од децата учествуваа и во програмата организирана по повод на тој ден. Јованка, Шеила, Ајлина и Ретка на прошетка низ град со дел од вработените. Панче, Јованка и Ајлина на прошетка на градскиот панаѓур. Панче и Јованка неколку пати беа излезени во град. Панче и Јованка на новогодишна претстава организирана од страна на ОСУ "Ацо Русковски" Берово. Јованка беше да го проследи новогодишниот концерт организиран од страна на КУД "Димитар Беровски". Ајлина заедно со нејзината наставничка и останатите соученици беше да следи театарска представа во "Бизнис инкубаторот" организирана од страна на Општина Берово. Новата година сите деца ја дочекаа во домот.

Активноста Посветен ден во овој период беше реализирана со Ајлина од страна на клучниот едукатор.

Од здравствен аспект беа реализирани повеќе прегледи во овој период и тоа:

**Ајлина** поради деформитетот кој што го има на десното стапало од страната на старател на 19 октомври беше однесена кај специјалист по ортопедија во ЈЗУ УК за ТОАРИЛУЦ –Скопје. По направениот преглед даден е извештај дека е потребно да и се направи оперативен третман. Истиот ќе и биде направен кога ќе има слободен термин. Со физикален – рехабилитационен третман е препорачано да се започне после оперативниот зафат. Поради симптоми на настинка два пати во овој период беше на преглед кај матичниот лекар каде и беше препишано да прима антибиотик. За кратко време здравствената состојба и се нормализира. Беше и на стоматолог.

Изваден и е еден млечен заб а еден и е пломбиран. Имаше три дневни мокрења. **Ретка** поради вирусни настинки повеќе пати во овој период беше носена на преглед кај матичниот лекар. Правено и е и е крвна слика на која се покажа дека има покачени леукоцити. На микробиологија и е земен брис и истиот беше негативен. Покрај препишаната терапија од 21 до 28 декември беше носена на инхалација. На 30 повторно беше однесена на контрола каде повторно и беше препишано да прима антибиотик. Редовно одеше на логопедски третман два пати во неделата. Во овој период имаше седум ноќни мокрења. Редовно ја примаше препишаната терапија како и AD3 капките. За примање на редовната терапија (оксалепт) беше однесена на контрола кај матичниот лекар од каде ни беше потврдено да продолжи и понатаму да ја користи. **Панајоти** во месец октомври со користење на секира имаше мала повреда на раката поради што му беше направена дезинфекција и му беше препишано да прима антибиотик. Во месец ноември неколку пати му се има случено да одбие да ја прими редовната препишана медикаментозна терапија. Во месец декември поради настинка беше на преглед кај матичниот лекар. Му беше препишано да прима антибиотик. Од страна на стручно лице вработено во ЦСР - Виница беше однесен и на преглед кај ортопед во ЈЗУ Општа болница – Кочани. Извештајот од специјалист по ортопедија дополнително ќе биде испратен до неговиот матичен лекар. **Јованка** поради симптоми на настинка три пати беше на преглед кај матичниот лекар. Првиот пат не и беше препишано да прима ништо и беше лекувана во домашни услови. За вториот и третиот преглед направено и е крвна слика и препишано и е да прима сируп за шлајмови и кашлица поради што здравствената состојба за кратко време и се нормализира. Беше носена на лекар и поради тоа што имаше болка на местото на операцијата предизвикана од истегнување на мускул на часот по физичко како и поради повреда на стапалото. Направена и беше ренгенска снимка од каде беше потврдено дека нема скршеница. Препишано и беше да прима соодветна терапија. По повторно направениот контролен преглед и беше потврено дека е во добра здравствена состојба. Препорака имаше од матичниот лекар во месец декември да не вежба на часот по физичко. **Шеила** поради забоболка на млечен заб беше на преглед два пати кај матичниот стоматолог. Првиот пат и беше ставено лек а вториот пат пломба.

Панајоти не секогаш се однесува соодветно за време на часовите. Секојдневно советодавно се разговара со него се со цел да се развие кај него чуството на одговорност. До одредено ниво почитува авторитет кај професорите и вработените. И понатаму кај него се забележани знаци на питачење. Во месец ноември од страна на вработено лице во еден од локалните маркети ни беше пријавено дека извршил кражба. Како резултат на тоа и покрај тоа што беше советуван од страна на вработените во домот, беше на советување и од страна на стручен тим од ЦСР – Берово. Кај него не постои цел, визија, чуство на одговорност и срам ниту пак има лице за подршка од околината. Поради сето тоа беше испратен вонреден Извештај за неговото однесување до ЦСР - Виница како негов надлежен центар, се со цел да се

превземат соодветните мерки за надминување на проблемите. Во месец декември имаше советување од нивна страна. За средбата е направен и Записник. На Шеила и се случува да користи навредливи зборови не само кон нејзини соученици туку и кон дел од наставниците. Од страна на училиштето и се дадени печатени учебници по сите наставни предмети и таблет за да ја следи наставата. За Ајлина имаме реакција од страна на нејзината наставничка дека често зборува за време на часовите а дека за време на одморите се задева по останатите деца. Поради желбата за доминација и поради тоа што често се служи со лаги и манипулации наидува на одбивност од страна на нејзините соученици. Имаме реагирано од страна на родител дека Ајлина подолг период покажувала агресија врз нејзина соученичка. Поради начинот на однесувањето Шеила и Ајлина два пати во овој период имаа советодавен разговор од страна на старател. На Шеила и Ајлина често им се случува по завршувањето на училишните часови да не се вратат навреме во домот, задржувајќи се со деца по патот или паркот. Се поттикнуваат навреме да се враќаат после завршувањето на часовите. Ретка редовно ја посетуваше детската градинка „23 Август"- Берово со целодневен престој. Зададените песнички од градинка тешко ги меморира. Има потешкотии да го задржи вниманието и да се сконцентрира. Забележано е дека се служи со лаги и манипулации за да привлече непотребно внимание.

**Јованка** редовно остваруваше телефонски разговори и видео контакти со роднините од с. Разловци (вујко и Ѓорѓи, вујна и Ѓурѓена, братучедка и Наталија и братучед и Ненад). По добиена Согласност од страна на старател во овој период Јованка имаше три средби во домот од страна на блиски сродници. Првиот пат беше посетена од страна на кумот и Драган Гргушевски и неговата сопруга Ане. И вториот пат беше посетена од нивна страна но во придружба на Светлана мајката на нејзиниот кум. Трет пат има остварено средба од страна на нејзиниот вујко по мајка Илчо Поповски и неговата сопруга. **Шеила** во овој период имала два пати случајна средба со татко и Шаин. На **Ретка** по добиена Согласност од страна на старател на 15 и 16 во месец октомври и беше дозволено од 10h до 18h да биде на гости во семејниот дом на нејзината баба и татко. Првиот ден ја вратија во 17h а вториот во 16:30h. Бабата Ретка остварила телефонски разговор со стрателот во врска со грижата врз нејзината внука користејќи се со лаги и манипулации. На ваквата реакција е реагирано кон неа од страна на вработените. Ретка таму остварила средба и со нејзината мајка, нејзиниот брат како и со баба и (мајка на нејзината мајка). Еднаш таткото на Ретка беше во домот да ја посети лажејќи дека има добиена Согласнос од страна на старател. Средба не му беше дозволена. Во месец декември Ретка заедно со нејзиниот клучен едукатор, а по претходен договор од страна на стратеп, беше однесена да оствари средба со нејзината баба и татко. Таму оствари средба и со други блиски сродници (чичко, стринка и нивните деца, роднини по татко и). **Панајоти** во овој период нема остварено средба со блиски сродници. Кај него не постои никаква желба и иницијатива за да комуницира со негови сродници.

Во текот на целата година бевме во постојан контакт со старателите на децата. Во соработка со сите надлежни центри за социјална работа доставени ни се следните документи:

Во соработка со **ЈУЦСР -Виница,** за Панајоти е обезбедена Потврди за ослободување од партиципација за здравствени услуги, Решение за остварување на право на здравствена заштита, даден му е документот за лична идентификација – лична карта, Индивидуален план за работа со корисник и Записник од остварена средба (12.12.2022 год.)

Од **ЈУМЦСР – Делчево** за Јованка ни имаат доставено две Согласности од страна на старател да престојува во домот на роднините од с. Разловци, Записник за извршен непосреден увид од страна на старател (14.01.), две Потврди за продолжување на престојувалиштето, Ревидиран индивидуален план за работа со корисник на социјални услуги, ЕПП за прослава на полуматурата, Стручната проценка на функционирање според МКФ (Меѓународна Класификација на Функционирање, попреченост и здравје), пет Согласности од страна на старател за посета на Јованка од страна на блиски сродници. Овезбедени и беа и сите потребни документи за степендијата и истите навремено по електронски пат се испратени до МОН - Скопје.

**Од ЦСР-Берово** обезбедени ни се следните документи за Ретка: Извод од матична книга на родени, Уверение за државјанство, Личен картон за извршена имунизација, Потврда за ослободување од партиципација за здравствени услуги, Решение за сместување во МГД - Берово, Записник од сместувањето, Решение со кое се става под старателство, План за индивидуална работа со корисник, поединечни Наоди од страна на стручни лица и Наод и мислење на стручен тим од ЦСР – Берово, три Согласности за Ретка да пестојува во семејниот дом кај нејзината баба и татко, Ревидиран и нов План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги, Решение за остварување на право на ЕПП, Записник за предавање на ЕПП од страна на старател на одговорно лице во домот. За Шеила и Ајлина од страна на старател дадена е Согласност (од 31.03.) на татко им да му бидат регулирани видувањата со неговите малолетни деца на 02. 04. од 10h до 18h и на 03. 04. од 10h до 17h, Индивидуален план за работа со корисник, Записник од остварена средба од страна на старател (14.10.2022 год.), Записник за предадени финансиски средства на старател од страна на одговорно лице за грижа во домот.

На повик од о. Берово за потреба од персонални асистенти, дел од проектот за ОКР е одговорено со барање за подршка на два корисника (Панајоти и Јованка).

Во месец мај домот е посетен од страна на претставници од МТСП заедно со министерката Јована Тренчевска, претходната министерка д-р Јагода Шахпаска, градоначалникот Ѕвонко Пекевски и претстставници од локалната самоуправа на о. Берово.

Во јуни месец МГД беше посетен од страна на претставници од ХЗ "Бравура кооператива" од Делчево и е предаден прирачник "Водич за економско - финансиска интеграција". Прирачникот е произлезен од проектот "Инклузивен мост 18" и истиот е дел од алатките за унапредување на работата во Малите групни домови во целата држава.

Во месец декември двајца стручни работници од МГД - Берово, соц.работник и професорот по одделенска настава, преку дигиталната платформа на ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје во периодот од 05.12.2022год. до 26.12.2022год. имаа едукација од Програмата за континуирана професионална едукација на тема ,,Најдобар интерес на детето".

Во месец август е направено генерално чистење во домот и е извршена дезинфекција на ѕидовите со вар.

Од страна на вработени лица во ЦСР - Берово во месец декември направен е попис на мебелот и инвентарот во МГД.

Вработените во МГД реализираат едукативни, креативни, културно-забавни, спортско - рекреативни работилници со децата од домот за кои подетално е објаснето во Месечните извештаи што ви ги доставуваме на увид.

**Спроведени се следниве тендерски постапки:**

За потребите на децата од Мал групен дом – Берово во овој период успешно се спроведени и се избрани најповолни понудувачи за три тендери за набавка од мала вредност и тоа Набавка на прехрамбени производи, Набавка на средства за хигиена и Набавка на огревно дрво за потребите на децата од МГД – Берово.

Во текот на целата година се јавуваат поединци и локални фирми кои сакаат да ги посетат и почестат децата но овие посети најмногу доаѓаат до израз за време на новогодишните и божиќните празници.

По повод новогодишните празници реализирани се посети од страна на Градоначалникот на Општина Пехчево, Директорката на ОЈУДГ "7 Септември" – Пехчево, Директорката на старечки дом ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" во Берово, форум на жени од СДСМ кои им врачија новогодишни пакетчиња и апарати за домаќинство на децата. Од ОЈУДГ "23 Август" – Берово децата добија новогодишни пакетчиња.

Прехрамбени производи, новогодишни пакетчиња, облека, апарати за домаќинство, хигиенски средства децата добија и од неколку локални фирми и поединци: "ПБЈТ - Вечен Дом"- Берово, пиљара "Бак - Пром", Павлина Механџиска, Марија Буровска, Елена и Симе Веселински, Павлина Бошначка, Васка и Александар Масларски, River Soft –Струмица, Биљана Дракалска, Марија Багашовска, Алек и Руменка Ружински, Снешка Димовска, Јасминка

Букушовска, Нико компјутери, Марија и Влатко Галабовски, Бранка Мановска, Виктор и Лилјана Јованови, Габриела Кофчегарска, Цикара компјутери, Биљана Руменовска Флеминг, Митко Балдазарски, Данче Пипонска, Стојан и Лидија Каракутовски, Ванчо Ролевски, Маријана Гешоска, Стопанска банка – Берово, Весна Костевска, Драгана Младеновска, Илија Треновски, маркет “Кулата“, маркет “Трено“, д-р Весна Марковска, Роза Цикарска, Јованка и Игор Петрушевски, Тамара Скендерска, Марио Андонов, Катица Алаѓозова, Жаклина Узунова, Игор Пачемски, Ванчо и Наташа Ременски, Иле Рунтевски, Петар Фурнаџиски, Валентина Петревска, ресторант “Бачило“ - Берово, Горан Ружински, Емилија Белчовска, Даниела Лазаровска, Сузана Димитровска, Ванчо Гаштеовски, Венко Пашалиски, Гоце Ајтовски, Даниела Фурнаџиска, Ефтим Биковски, Мара Ѕипова, Тања Здравковска, Христина Ѓеоргиева, Гоце Полевски, Војо Муцунски, Горан Стоицов, Црвен крст, Димитар Кракутовски, Мира Маринкович Шуманска, Драгана Гарванска, сендвичара ”Еми”, Никола Атанасов, манастирот ”Успение на Пресвета Богородица” и црквата ”Рожденство на Пресвета Богородица”- Берово, Симона и Аце Андонови, Независен полициски синдикат, Ѕвонко Пекевски градоначалник на општина Берово, Даниела Корчовска, Катерина и Марија Чиплаковски, Драган и Ала од Русија, Катица и Иле Алаѓозовски, Јелена Арменска, Марија и Славчо Марковски, Тимче и Даринка Ружински, Васе Мачевски, Маја Зелничка, Христина Џамбаска, д-р Виолета Ѓорѓевска, Даниела Чучурска, Марија Стаменковска, Гоце Пачемски, Лидија Китинска, Грозданка Миловски, Горан Вангелов, Вангелица Видмир, Јелица Аждерска, Надица Белдедовска, Илија и Благородна Рунтевски, д-р Јагода Шахпаска, Хотел ”Аурора”, синдикат на ”КИБС” -Скопје.

Донација на два велосипеди децата добија од страна на ПрајсвотерхаусКуперс ДООЕЛ – Скопје.

**Заклучоци, препораки и забелешки**

Од годишниот извештај за работењето на Мал групен дом - Берово за 2022 година може да се заклучи дека истиот успешно функционира и ги исполнува сите услови пропишани со Законот за социјална заштита (Сл. Весник на РМ бр.79/09) и Правилник за начинот, видот и бројот на стручните лица за давање грижа за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во Мал групен дом (Сл. Весник на РМ бр. 139/09), односно според Чл.6 од истиот обезбедува задоволување на основните животни потреби како што се домување, одржување на лична хигиена, обезбедување на облека, нега и грижа за здравјето, воспитување и образование, спроведување на слободни активности и игра со детето, вклучување на децата во училишните установи, следење на школските и воншколските активности на детето, а во соработка со надлежниот центар за социјална работа давање на потребната помош и

подршка за оспособување на детето за самостоен живот по напуштањето на домот.

Децата здравствено се контролирани и по потреба се третирани од стручни лица, воспитно - образовниот процес се реализира и е под контрола на вработените, социјалниот живот е на задоволително ниво, а пред се е индивидуалната грижа за секое од децата и чуството на припадност во топла средина, дом со семејно опкружување. Децата се приврзани за вработените и ги чуствуваат како свое семејство. Целиот овој позитивизам е видлив по очите на децата, видлива е нивната среќа, задоволство и желба за понатамошно живеење во Малиот групен дом - Берово.

Има неколку недостатоци во МГД од технички аспект за кои треба да се најде трајно решение. Проблемот со атмосферската вода сеуште не е надминат и како последица од неа има влага на првиот кат од куќата. Потреба од санација има и на дефектот на водоводната инсталација во купатилото на вториот кат каде од течењето на водата фасадата од надворешната страна на куќата е оштетена а има и паднато дел од неа. Имаме потреба од помошна просторија за чување на дрвата за огрев. Поради моменталната структура на корисниците во поглед на нивнита возраст, потреби и здравствена состојба од голема потреба е да се вработи стручно лице – психолог.

Општ заклучок е дека Мал групен дом - Берово тринаесет години по ред успешно функционира. Животот на сите корисници сместени во него е исполнет и на истите им е овозможена постојана нега, внимание и грижа. Мултидисциплинарниот тим во Мал групен дом работи според своите правила, норми, прописи и за децата ги задоволува основните животни потреби, помага за лесна адаптација и инклузија, обезбедува и негува остварување на врски со семејството и блиски сродници кои позитвно влијаат врз нив, советува и упатува за соодветно однесување и почитување авторитет, односно нуди услови за психо - физички, општествен, здравствен, воспитно – образовен, културно - рекреативен развој, а пред се нуди посебен третман во однос на социјализацијата и осамостојувањето како процес кој трае во сите развојни фази на личноста а стекнатите правила, квалитети, вештини и вредноси, се инплементираат и согледуваат по престанокот на сместување во Малиот групен дом.

Изработил:
Дипл. социјален работник : Катерина Бошнаковка ________________

Стручен тим во МГД – Берово, ( едукатори):
Дипл. социјален работник : Катерина Бошнаковка ______________
Дипл социјален работник : Димитар Кракутовски. ____________
Негователи во МГД:
Виолета Чукарска ____________
Наташа Нешовска ______________
Рада Мустачка ______________

Дата:
13.02.2023 год.
Берово

ЈУМ Центар за социјална работа – Берово
Директор:
Билија Галабовска Биљарска
____________________